**ЗАПИСНИК**
**Од 33-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 04.12.2023 година, со почеток во 12:00 часот**

Скопје, декември 2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-2322/3

**ЗАПИСНИК**
**Од 33-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 04.12.2023 година, со почеток во 12:00 часот**

Триесет и третата седница на Општина Бутел се одржа на 04.12.2023 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Оливера Ливриниќ, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.
Отсутни: Нема

На седницата исто така присуствуваа и Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев, раководителот од секторот за финансиски прашања Андреј Димов, Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев и раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР Ана Младеновска.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

За ова седница беше предложен следниот

ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
2. Предлог-Одлука за давање на согласност на Статутарната Одлука на Јавното комунално претпријатие „Бутел“-Скопје.
3. Измена и дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање Предлог-дневниот ред.
Советниците со 17 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

**По првата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.,** и беше даден збор на претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по првата точка.

За збор се пријави советникот Самир Исени и постави прашање дали фитнес центар ќе има само во две училишта и дали ќе се направи и во останатите училишта.

На прашањето на советникот Самир Исени одговори Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев. Истакна дека согласно средствата со кои се располага сега ќе добијат само две училишта, но до крајот на мандатот на Градоначалникот ќе добијат и останатите училишта.

За збор се пријави раководителот на секторот за финансии Андреј Димов и истакна дека сега се избрани две училишта, но со наредниот буџет ќе бидат направени фитнес центри и во останатите училишта.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По втората точка од дневниот ред Предлог-Одлука за давање на согласност на Статутарната Одлука на Јавното комунално претпријатие „Бутел"-Скопје,** му беше даден збор на Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да даде детално образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за давање на согласност на Статутарната Одлука на Јавното комунално претпријатие „Бутел"-Скопје.

Претседателот на Советот отвори расправа по втората точка.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и постави прашање дали работниците кои се ангажирани во општината за одржување на хигиена ќе бидат префрлени со работен стаж во ова комунално претпријатие.

На прашањето на советничката Оливера Ливриниќ одговори Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев кој изјави дека работниците ќе бидат префрлени во Јавното претпријатие

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави дека би било добро да се префрлат работниците во Јавното претпријатие и да и се реши работниот статус кој го имаат.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и постави прашање дали Јавното претпријатие ќе набави возило, електричари и се што е потребно за едно Јавно претпријатие.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев одговори дека со тек на време со добивање на сите акти, систематизација и конечното оформување, ќе се вработат работници што ќе ја извршуваат таа работа.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои втората точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По третата точка од дневниот ред Измена и дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2023 година,** и беше даден збор на раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Ана Младеновска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Ана Младеновска даде детално образложение за Измената и дополнувањето на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по третата точка.
Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави третата точка на гласање.
Советот на Општина Бутел ја усвои третата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесет и третата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов